Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 27 став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/2011, 192/2015, 209/2018 и 244/19), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово (“Службен Гласник на општина Кратово” бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2021 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА**
**ОПШТИНА КРАТОВО ЗА 2022 ГОДИНА**

**I.**

| Ред. број | НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ | ПОСТАПКА ДЕЈСТВИЕ | МЕСЕЦИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Совет на Општина | Донесување на Буџетски календар | Мај-Август |
| 2. | Градоначалник на Општина | Утврдува насоки за подготовка на финансиски план на корисниците | Почетокот на Октомври |
| 3. | Градоначалник на Општина | Ги доставува главните насоки до корисниците, одделенијата и општинските јавни установи | Средината на Октомври |
| 4. | Општински буџетски корисници | Доставуваат предлог буџетски планови | Крајот на Октомври |
| 5. | Одделение за финансиски прашања | Ги анализира предлог буџетските планови | Крајот на Октомври |
| 6. | Одделение за финансиски прашања во соработка со другите одделенија Совет на Општина | Изготвува Предлог развојни програми | Почетокот на Ноември |
| 7. | Градоначалник на општина | Спроведување на Јавна расправа | Средината на Ноември |
| 8. | Совет на Општина | Донесување на програмите и Нацрт Буџетот | Средината на Ноември |
| 9. | Одделение за финансиски прашања | Изготвување на Предлог Буџет | Почетокот на Декември |
| 10. | Градоначалник на Општина | Доставување на Предлог Буџетот до Советот и до корисниците | Средината на Декември |
| 11. | Совет на Општина | Усвојување на Буџетот | Крајот на Декември |

**II.** Буџетскиот календар ќе се објави во “Службен Гласник на општина Кратово”.

Бр.09 - 827/1
30.06.2021 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Слободан Постолов